Врз основа на член 51 став 5 и член 52 став 2 од Законот за девизното работење ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/2001 и 49/2001), Министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ДЕПОНИРАЊЕ И ВРАЌАЊЕ, ОДНОСНО ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на депонирање и враќање, односно издавање, на привремено одземените предмети од страна на инспекторот, односно овластените органи (во натамошниот текст: депоненти) и тоа: ефективни домашни и странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност, кои се предмет на прекршок или кривично дело, или кои биле наменети за извршување или настанале со извршување на кривично дело или прекршок.

## II. ДЕПОНИРАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Член 2

Привремено одземените ефективни домашни и странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност, депонентите ги депонираат во Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) со Записник за депонирање и спецификација.

Предметите од став 1 на овој член, се депонираат во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одземањето.

### Член 3

Во записникот од став 1 на член 2 од овој правилник се внесуваат следните податоци:

-назив на депонентот;

-датум на депонирањето на предметите;

-присутни лица и својство;

-за привремено одземените предмети од физички лица-резиденти или нерезиденти се внесуваат следните податоци:име и презиме, адреса и место на живеење, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта и од кого е издадена, или број на патна исправа и каде е издадена;

[1] Пречистениот текст се состои од Правилникот за начинот и постапката на депонирање и враќање, односно издавање на привремено одземени предмети, како и измените на правилникот од 25.11.2009 година.

-за привремено одземените предмети од правните лица-резиденти или останати нерезиденти се внесуваат: име на субјектот, адреса и седиште, број на решението од трговскиот регистар, односно решение за упис од надлежен орган и даночен број;
-вкупен износ на ефективните домашни или странски пари и ознака на валутата; број и вредност на чековите, нивниот издавач и на која валута гласат; вкупната тежина и чистота на монетарното злато; бројот и видот на хартиите од вредност, нивната номинална вредност, назив на издавачот и сопственикот.

Пред депонирањето на монетарното злато во Народна банка, овластено лице од депонентот во присуство на лицето од кое е привремено одземено и овластено лице од Народна банка, во овластена институција му се утврдува тежината и чистотата.

Составен дел на записникот е спецификацијата на предметите која ги содржи следните податоци:

За ефективните домашни или странски пари:назив на валутата, износ по апоени и сериски број и вкупен износ:

За чековите:назив на издавачот, поединечен износ на чековите и на која валута гласат, сериски и контролен број на чековите и вкупен износ по валути.

За монетарното злато: неговата тежина и чистота;

За хартиите од вредност: видот на хартијата, назив на издавачот, ознака на серијата со контролен број, назив на сопственикот на хартијата од вредност, поединечна номинална вредност на хартијата од вредност со рок на доспевање на хартијата од вредност.

Член 4

Записникот го потпишуваат овластени лица од депонентот и од Народна банка.

Записникот и спецификацијата се составуваат во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 примероци за депонентот и за Народна банка.

Член 5

Денарската противвредност на одземените предмети за кои е изречена посебна мерка одземање на предмети со правосилна судска пресуда или решение, односно со правосилно решение донесено од надлежен прекршочен орган, се депонира на посебна сметка во Буџетот на Република Македонија-приходи од одземени средства по посебни прописи.

## III. ВРАЌАЊЕ, ОДНОСНО ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 6

Враќањето, односно издавањето на привремено одземените предмети се врши откако на Народна банка ќе и биде доставено:

- правосилна судска пресуда или решение од надлежен суд;
- правосилно решение од надлежен прекршочен орган или

– решение на јавниот обвинител за отфрлање на кривичната пријава.

Депонентот покрај пресудата, односно решенијата од став 1 на овој член, до Народна банка доставува и налог за враќање, односно издавање на привремено одземените предмети и записник за депонирани предмети со спецификација.

Член 7

Враќањето, односно издавањето, на ефективните домашни или странски пари, се врши на девизна или денарска штедна книшка или сметка, односно на трансакциска сметка на резидентот.

Народна банка го потврдува враќањето, односно издавањето, на чекови, монетарно злато и хартии од вредност на резидентот.

Народна банка го потврдува враќањето, односно издавањето, на ефективни домашни или странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност на нерезидентот, со цел нивно изнесување од Република Македонија.

Член 8

**Избришан**

Член 9

За вредноста на вкупно депонираните и вратените предмети во тековната година, најдоцна до истекот на првиот квартал во наредната година Народната банка го известува Министерството за финансии.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на отпочнувањето на примена на Законот за девизното работење.

Бр.09-19098/1 Министер

8 октомври 2001 година Никола Груевски с.р